# СООПШТЕНИЕ
# ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР И ЗАВЕРКА НА ЗИМСКИ СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД I (ПРВА ГОДИНА) - ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ

Запишувањето на летниот семестар во учебната 2021/2022 година и заверката на зимскиот семестар од учебната 2021/2022 година ќе се врши на:

**07.02.2022 и 08.02.2022 година**
**(преку шалтерите на студентската служба)**
**во периодот од 11,00 - 14,00 часот**

**Пријавувањето по електронски пат е задолжително за сите студенти и ќе биде достапно до 16.02.2022 година**

По овој рок online пријавувањето ќе биде оневозможено и студентите запишувањето на семестарот ќе можат да го извршат со казна во висина од 500 ден. (**најдоцна до 28.02.2022** година).

На шалтер нема да бидат примени некомплетни документи.

**Пред доставувањето на документите во Студентската сужба, студентите се должни да пополнат анонимна електронска анкета во Teams за прослушаните предмети во зимскиот семестар од учебната 2021/2022 година.**

**Студентите кои нема да ја пополнат анкетата, нема да можат да го запишат летниот семестар во учебната 2021/2022 година.**

Запишувањето на летниот семестар во учебната **2021/2022** година и заверката на зимскиот семестар од учебната 2021/2022 година ќе се врши во следните термини:

| Час | **07.02.2022** | **08.02.2022** |
|---|---|---|
| | Студиска програма | Студиска програма |
| **11,00-12,00** | ПИ,ТМЛ,ТИ, ХЕИ | ИНД |
| **12,00-13,00** | ИИМ | МВ |
| **13,00-14,00** | МПИ,МХТ | ЕЕ,АУС |

**Потребни документи за запишување и заверка на семестар:**

**1. ИНДЕКС**

**2. ОБРАЗЕЦ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СЕМЕСТАР (А3)** (се запишуваат предметите кои се пријавуваат за слушање во летниот семестар во учебната **2021/2022**).

**3. ОБРАЗЕЦ ЗА ЗАВЕРКА НА СЕМЕСТАР (А4)** (се запишуваат предметите кои се слушале во зимскиот семестар од учебната **2021/2022**).

**Напомена: Задолжително е предметниот наставник да додели во Iknow системот, дека студентот добива потпис.**

**4. ПРИЗНАНИЦА (ОБРАЗЕЦ ПП 50)**, во корист на Машински факултет на **СМЕТКА 100000000063095, ЕДИНКА КОРИСНИК 1600104278 788 11, ПРИХОДНА ШИФРА 723012 41 и НАЧИН 2.**

- студентите кои се запишани во државна квота (со надоместок за студирање во висина од 200 eur) треба да уплатат **6 150 ден**., со цел на дознака - втора рата од партиципација,
- студентите кои се запишани со надоместок за кофинансирање на студиите (во висина од 400 eur), треба да уплатат **12 300 ден**., со цел на дознака - втора рата од школарина.

Студентите се должни да се најават на страницата на iknow системот, линк: http//www.iknow.ukim.edu.mk и по електронски пат да ги пријават предметите кои ќе ги слушаат во летниот семестар во учебната 2021 /2022.

Студентите се должни да ги впишат во својот индекс насловите на пријавените предмети и бројот на (ЕКТС) кредити за секој предмет поединечно (на страната каде ќе го запишат летниот семестар во учебната 2021 /2022).

**За секое задоцнето запишување на семестар, студентите се должни да уплатат казна во висина од 500 денари , согласно одлуката бр.02-2331/1 од 16.09.2005 г. донесена врз основа на ценовникот за висина на надоместоците што ги плаќаат студентите, (донесен од советот за развој и финансирање на високото образование).**

Скопје 02.02.2022 година　　　　　　Машински факултет - Скопје